

Како една од локациите на кои ќе се постави новиот споменик се спомнува општинскиот парк каде што веќе има биста на Ѓорче Петров!

# Општина Ѓорче Петров со два споменика на својот патрон

## Опозицијата во Советот бара да се финансира во градинката во Даме Груев

**Сања Наумовска**

Општината Ѓорче Петров ќе добие уште еден споменик на македонскиот револуционер, одлучил Советот на Општината. Новото обележје е дел од Програмата за споменици на Министерството за култура, кое треба и да го финансира целиот проект. Како една од локациите на кои ќе се постави новиот споменик се спомнува општинскиот парк каде што веќе има биста на Ѓорче Петров!

Според дел од советниците од опозиционите партии, иако споменикот треба да го гради Министерството за култура, Општината мора да одвои од својот буџет 3.000 евра за девет членови на Одборот за подигнување на спомен- обележјето. Одборот треба да го распише јавниот повик за идеен проект и да ја следи изградбата. Опозицијата смета дека овие средства се непотребен трошок, а парите можело да се искористат на поважни проекти.

Од Општината, пак, велат дека одлуката на Советот е само прв чекор во реализацијата на проектот, кој ќе трае подолго време и треба да ѝ донесе голем бенефит на општината. Според градоначалникот Сокол Митровски, не е донесено дефинитивно решение за локацијата на новото обележје, но треба да биде на место кое е лесно достапно и привлечно за посетителите. Митровски смета дека надоместокот за комисијата не е голем издаток за Општината, особено затоа што се работи за проект кој има огромна вредност.

Советниците, пак, сметаат дека во општината има поургентни проекти кои бараат поголемо внимание од локалните власти.

„Постојано се повторува дека кризата силно влијае на полнењето на општинскиот буџет и дека недостасуваат средства за реализација на проектите. Сметаме дека наместо за надоместоци, овие пари можеа да се пренаменат за градинката во населбата Даме Груев, која е од големо значење за жителите на неколку населби“, вели советникот Горан Симоноски.

Тој образложува дека Советот ја прифатил понудата од Министерството за култура, бидејќи биле информирани дека се работело за донација, без никаков трошок за Општината. Сепак, вели тој, сега на мала врата се турка исплатата на хонорарот на комисијата од општински средства. Петмина членови на Одборот се дел од општинската администрација, од Советот и пратеничка во Собранието на Македонија, а четворица се надворешни членови, меѓу кои и директорот на Управата за заштита на културно наследство, Паско Кузман.

Новиот споменик во Ѓорче Петров ќе биде со значително поголеми димензии од оние што ги има бистата во општинскиот парк. Според образложението на општинската администрација, со нов и маркантен споменик уште еднаш ќе се одбележи значењето на личноста и делото на македонскиот револуционер. Изградбата ќе се реализира во текот на следната година.